# КОН ПОДОБРЕНА ЗАШТИТА НА ДИГИТАЛНАТА ПРИВАТНОСТ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

## ДОКУМЕНТ ЗА ЈАВНИ ПОЛИТИКИ ЗАСНОВАН НА ПРЕТХОДНА АНАЛИЗА НА ЛЕГИСЛАТИВАТА И ПРАКТИКАТА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА И ПОШИРОКО



АПРИЛ 2024
**СКОПЈЕ**

**Издавач**
Македонско здружение на млади правници (МЗМП)
ул. Донбас бр. 14/1-6 1000 Скопје
www.myla.org.mk | contact@myla.org. mk
тел. 02/ 3220 870

**Автори**
Љубица (Пендароска) Крстевска
Методи Хаџи-Јанев

**Уредник**
Мартина Дранговска Мартинова

**Дизајн**
Харис Муриќ

**Место на издавање**
Скопје

AMERICAN BAR ASSOCIATION

20 ГОДИНИ МЗМП

Изјавите и анализите пренесени во оваа анализа се исклучиво на авторите и не се одобрени од Домот на делегатите или од Одборот на гувернери на Американската адвокатска комора, ниту од Иницијативата за владеење на правото на Американската адвокатска комора, ниту ја претставуваат позицијата или политиката на Американската адвокатска комора/Иницијатива за владеење на правото. Понатаму, ништо во оваа анализа не треба да се смета за давање правен совет за конкретни случаи. Содржината е одговорност на Македонското здружение на млади правници и не мора да ги одразува ставовите на донаторот или на АБА/АБА РОЛИ.

# СОДРЖИНА

1
Вовед

2
**I** Препораки за унапредување на законската регулатива

3
**II** Препораки за унапредување на техничките аспекти и спроведувањето на законските решенија

5
**III** Препораки кои се однесуваат на етичките и едукативните аспекти за унапредување на заштита на приватноста на македонските граѓани преку интернет

6
**IV** Препораки за политики за управување и заштита на приватноста македонските граѓани преку интернет

9
Заклучок

# Вовед

Покрај сите предности кои ги носат зголемените напори за дигитализација, тие носат и низа предизвици по личната и националната безбедност на граѓаните на Република Северна Македонија. Иако овој тренд има универзален карактер и ги засега речиси сите земји во светот, ефективната заштита на приватноста на интернет на македонските граѓани е директно условена од соодветните регулативи, организациската поставеност и ефективноста на напорите за имплементација на меѓународните и европските стандарди за заштита на човековите права, вклучувајќи го и правото на приватност.

Политиките за заштита на приватноста на интернет се камен-темелник на транспарентноста и довербата помеѓу онлајн платформите и давателите на услуги и нивните корисници. Тие овозможуваат насоки за тоа како се собираат, складираат, обработуваат и споделуваат личните податоци. Сепак, ефективноста и сеопфатноста на овие политики е различна за различни платформи. Нивната доследна имплементација е императив за намалување на ризиците по загрозување на приватноста на граѓаните на интернет. Овие политики треба да воспостават баланс помеѓу потребата од законски уредено собирање, чување и обработка на податоците и ризиците од злоупотреба на податоците.

Предизвиците кои влијаат врз намалување на ефективната заштита на дигиталната приватност кои се специфични за Република Северна Македонија може да се класифицираат во две групи. Во првата група спаѓаат политизацијата и партизацијата на јавниот сектор и како резултат на тоа, непрофесионалниот пристап кон прашањата и делокругот на области поврзани со приватноста. Втората група ги опфаќа ниското ниво на свест за важноста на заштитата на приватноста на интернет и низа други недостатоци кои влијаат на намалување на ефективната и ефикасна заштита на приватноста.

Овој документ за јавни политики е резултат на претходна сеопфатна анализа на заштитата на дигиталната приватност во Република Северна Македонија.[1] Документот ги опфаќа неопходните реформи со цел да се даде приоритет и да се зајакне заштитата на приватноста на интернет во државата. Документот вклучува препораки кои се засновани на темелна анализа и компаративни согледувања на соодветните политики. Во таа насока, предвид беа земени меѓународните и европските стандарди како репер за споредба со политиките и законската рамка за заштита на приватноста преку интернет во Република Северна Македонија, со единствена цел да се идентификуваат празнините, слабостите и врз основа на тоа да се утврдат областите за подобрување.



1 „Заштита на дигиталната приватност - Анализа на легислативата и практиката во Република Северна Македонија и пошироко", Скопје, Македонско здружение на млади правници (МЗМП), 2024 достапна на: https://myla.org.mk/wp-content/uploads/2024/04/%D0%97%D0%90%D0%A8%D0%A2%D0%98%D0%A2%D0%90-%D0%9D%D0%90-%D0%94%D0%98%D0%93%D0%98%D0%A2%D0%90%D0%9B%D0%9D%D0%90%D0%A2%D0%90-%D0%9F%D0%A0%D0%98%D0%92%D0%90%D0%A2%D0%9D%D0%9E%D0%A1%D0%A2-%D0%90%D0%9D%D0%90%D0%9B%D0%98%D0%97%D0%90-%D0%9D%D0%90-%D0%9B%D0%95%D0%93%D0%98%D0%A1%D0%9B%D0%90%D0%A2%D0%98%D0%92%D0%90%D0%A2%D0%90-%D0%98-%D0%9F%D0%A0%D0%90%D0%9A%D0%A2%D0%98%D0%9A%D0%90%D0%A2%D0%90-%D0%92%D0%9E-%D0%A0%D0%95%D0%9F%D0%A3%D0%91%D0%9B%D0%98%D0%9A%D0%90-%D0%A1%D0%95%D0%92%D0%95%D0%A0%D0%9D%D0%90-%D0%9C%D0%90%D0%9A%D0%95%D0%94%D0%9E%D0%9D%D0%98%D0%88%D0%90-%D0%98-%D0%9F%D0%9E%D0%A8%D0%98%D0%A0%D0%9E%D0%9A%D0%9E-3.pdf

# I Препораки за унапредување на законската регулатива

**Препорака 1 – Усогласување на законската регулатива со** решенија предвидени со Регулативите на ЕУ во однос на **преносот на лични податоци:** Потребата се јавува како резултат на зголемениот обем на дигитализација кој се прелева во сите сфери, а во кои законските решенија не се обновени или не го следат текот на технолошкиот напредок и со тоа потребата од поефективна заштита на податоците;

**Препорака 2 - Зголемување на независноста на Агенцијата за заштита на личните податоци (АЗЛП)**: Иако АЗЛП согласно законот е самостоен орган кој одговара пред Собранието, сепак, поврзаноста со Владата и зависноста од Владата е евидентна. Потребни се законски измени кои ќе овозможат поголема децентрализација како во буџетска смисла, така и во смисла на независност од извршната власт, со што ќе ја намалат можноста за евентуално влијание врз работата и ќе влијаат на можноста за повикување на одговорност на претставници на политичките елити кои се на власт.

**Препорака 3 - Пречистување на застарени делови од националните закони:** Потребно е предвидување на строги казни за раководителите или министрите кои се носители на ресорните министерства и надлежни за законите кои треба да се усогласат со новиот Закон за заштита на личните податоци. На тој начин преку лоцирање на одговорност кај раководителите и министрите ќе се влијае на зголемената применливост на одредбите за почитување на приватноста, а со тоа и на заштита на приватноста на граѓаните.

**Препорака 4 - Државата треба да усвои национално законодавство во согласност со Директивата на ЕУ за спроведување на законот:** Тоа ќе влијае на зголемување на ефикасноста, професионалноста и мултисекторскиот пристап во услови кога е комплексно да се одреди дали обработката на податоци потпаѓа под режимот на Директивата или не и таквиот процес вклучува повеќе сектори. Усвојувањето на Директивата на ЕУ за спроведување на законот со тоа ќе помогне да се изврши хармонизација со правото на ЕУ, да се зацврсти рамката за заштита на личните податоци во земјата, но и да ги олесни легитимните активности за спроведување на правото помеѓу повеќе сектори и слободниот проток на податоци со земјите од ЕУ.

# II Препораки за контролорите за унапредување на техничките аспекти и спроведувањето на законските решенија

**Препорака 5 – Ревидирање на постојните интерни акти за заштита на личните податоци во согласност со Законот за заштитата на личните податоци**

**Препорака 6 - Анализа на потребата за усогласување на постојните законски решенија со новиот Закон за заштитата на личните податоци**

**Препорака 7 - Проценка на внатрешните капацитети на контролорите и државните органи:** да се проценат човечките, техничките и финансиските капацитети и да се насочат во спроведувањето на процесот на усогласување на постојните законски решенија со новиот Закон за заштита на личните податоци и останатите закони кои се поврзани со приватноста на македонските граѓани преку интернет.

**Препорака 8 - Зголемување на отчетноста на контролорите:** преку прописи кои ќе наложат: i) задолжителна примена на мерки кои треба да ги обезбедат раководителите/министрите, а се однесуваат на градење на капацитетите на персоналот за тоа; ii) дефинирање на јасни критериуми за оценување и врз основа на тоа очекувања кои треба да ги испорачаат контролорите; iii) дигитализација на процесот и примена на соодветни технолошки алатки за надгледување на контролните активности и регистрација на инциденти; iv) јасно дефинирање на комуникацијата со засегнатите страни за тоа како ќе се обработуваат податоците и кои се нивните права; v) како ќе се интегрира заштитата на податоците во случај на нови производи или унапредување на одделни стандарди за заштита или дејствување; vi) соработка со регулаторните тела и споделување на добрите практики во ек на зголемена дигитализација и имплементирање на нови технологии и апликации и vii) промоција на култура за заштита на приватноста.

**Препорака 9 - Поголема проактивност, транспарентност и отчетност на АЗЛП во справувањето со повредата на приватноста преку интернет**

**Препорака 10 - Зголемување на свеста, но и капацитетите на јавниот и приватниот сектор за поголема сајбер безбедност, вклучително и медиумска и информатичка писменост со цел заштита на приватноста на интернет**

**Препорака 11 - Постојано следење на трендот и развојот на технологиите за криптирање со цел примена на стандардизиран пристап кон користењето на овие технологии:** технологиите за криптирање играат клучна улога во обезбедувањето пренос на податоци, обезбедувајќи информациите да останат шифрирани и недостапни за неовластени страни.

**Препорака 12 - Постојана ревизија и унапредување на безбедносните мерки, како што се повеќефакторска автентикација и редовно ажурирање на софтверите, со цел за да се зајакне дигиталната одбрана од потенцијални прекршувања**

**Препорака 13 - Преземање на проактивни мерки за подигање на свесноста кај корисниците за подесувањата за приватност и доделувањето грануларна контрола врз споделувањето податоци со цел да се подобри индивидуалната автономија во дигиталниот простор**





# III Препораки кои се однесуваат на етичките и едукативните аспекти за унапредување на заштитата на дигиталната приватност

**Препорака 14 - Воспоставување на сеопфатен холистички пристап во заштита на приватноста преку интернет:** кој ќе го вклучи целото општество, не само на национален ранг туку и на локано ниво-локалната заедница.

**Препорака 15 – Усвојување принципи за техничка и интегрирана заштита на личните податоци:** Контролорите во јавниот и приватниот сектор треба да усвојат принципи за техничка и интегрирана заштита на личните податоци, интегрирајќи ги размислувањата за приватност во развојот на производите и услугите од нивниот почеток.

**Препорака 16 – Вклучување на дигиталната писменост како дел од наставниот курикулум:** Соработка со образовните институции на сите рамништа за креирање на наставни програми и синхронизација на истите со тематски целини кои ќе ја обработат заштитата на приватноста на интернет, а онаму каде тоа е соодветно, и управувањето со заштитата на приватноста на интернет.



**Препорака 17 – Контуинуирани обуки за приватниот и јавниот сектор:** - Одржување на државно спонзорирани обуки (значи кои доаѓаат од генерички буџет на РСМ, не од донатори) за јавниот и приватниот сектор, но и за граѓаните посебно на локално рамниште за подигање на свесноста за заштита на приватноста на интернет.



# IV Препораки за политики за управување и заштита на приватноста македонските граѓани преку интернет

**Препорака 18 - Зголемување на професионализацијата во АЗЛП,** преку:

- Развивање на минимум сајбер безбедносни стандарди (согласно ISO 27001 и ISO 27701) и воведување на строги протоколи и рокови за дисеминација, имплементација и контрола на примената во владините институции, приватниот и граѓанскиот сектор и локалните власти;
- Ажурирање на систематизацијата со цел да се предвиди нивото на сертифицираност и да се зајакне системот на државната служба, преку воспоставување јасни описи на работните места, критериуми за евалуација на перформансите и механизми за одговорност, развој во кариерата според европските стандарди и предусловите и креитериумите со кои вработените во АЗЛП ќе може да се движат низ кариерата;
- Ревидирање на Законот за државни службеници со цел лицата кои се задолжени за информациската безбедност да бидат изземени како посебна категорија на лица со што ќе се обезбеди поголема компаративна предност на понудата на пазарот;
- Идентификување и утврдување на листа од континуирани обуки со кои ќе се надгледуваат, одржуваат и обновуваат стандардите и задолжителните тестирања и проверки на знаењата на квартално ниво, наместо стихијно (базирано на донации и соработка) спроведување на обуки по несистематизирани основи и по личен избор на менаџерите-раководните лица;
- Воспоставување на механизам за независна евалуација на квалитетот на работата и подигнување на нивото на важност на ревизорските извештаи;
- Утврдување на одговорност кај раководителите со соодветни санкции доколку ревизорските/евалуациските извештаи укажат на недоследности и непочитување на прописите и стандардите и на слабости во работата кај вработените;
- Подобрување на меѓународната соработка која ќе биде планска и во тесна соработка со МНР, наместо стихијна и ад-хок (преку таргетирани билатерални посети, размена на искуства, обуки и работа на проекти).

**Препорака 19 - Намалување на политизацијата на јавниот сектор,** преку:

- Вработување и унапредување засновано на заслуги и критериуми кои ќе бидат дефинирани според мисијата и задачите на институцијата преку спроведување на транспарентни процеси за регрутирање. Ова ќе осигура дека поединците се вработуваат и унапредуваат врз основа на квалификации, вештини и искуство, наместо врз основа на политички врски или припадности. Исто така потребно е да се предвидат санкции ако се утврди партиска поврзаност во вработувањето и за вработениот и за раководителот, односно комисијата која го одобрила.

- Воспоставување на политичка неутралност преку спроведување на прописите со кои им се забранува на државните службеници да се вклучат во партиски политички активности додека се на должност или да користат јавни ресурси за политички цели, вклучително и профили на социјални мрежи особено за време на работа со цел да промовираат партиска кампања или истовремено да се појавуваат на партиски кампањи во време кога извршуваат работни обврски.

- Зголемување на транспарентноста и отчетноста во процесите на донесување одлуки на Владата и операциите-активностите на јавниот сектор. Ова вклучува овозможување информации за владините буџети, расходи и договори лесно достапни за јавноста и воспоставување механизми за учество и надзор на граѓаните, но и задолжително лоцирање и покренување на одговорност за утврдените недостатоци.



- Јакнење на независноста на надзорните тела со што ќе се зајакне независноста и ефективноста на институциите одговорни за надзор над јавниот сектор, како што се антикорупциските агенции, канцелариите на Народниот правобранител и ревизорските институции. Овие тела играат клучна улога во откривањето и спречувањето на политичкото мешање и корупцијата во јавниот сектор.

- Реформите во законодавството и на внатрешните правилници покрај останатото треба да се однесуваат и на обезбедување цврста примена и да придонесат кон деполитизација.

- Промовирање на ангажманот на граѓанското општество, со што ќе се обезбеди граѓанска неформална контрола и ќе се стимулира активното учество на граѓанските организации во следењето и застапувањето за практиките на добро владеење во јавниот сектор. Граѓанското општество може да послужи како чувар, да ја подигне свеста за случаите на политичко мешање и да се залага за реформи, но само ако е инклузивно. Инжинерингот кој се прави со цел да се задоволат побарувањата на надворешните партнери (ЕУ, ОБСЕ и или билатералните донатори), создаваат услови за продлабочување на скептицизмот и во овој сектор. Праксата на масовно вработување на припадници од цивилниот сектор како советници на владините тела не оди во прилог на двете страни. Дополнително, евидентна е практиката на приоретизирање на одредени организации кои станаа специјализанти на секој план, но и силна централизација, со што граѓанските организации од внатрешноста немаат никакви можности за опстојување и „изумираат".

- Постигнувањето на деполитизација на јавниот сектор бара силна политичка волја и лидерска посветеност. Политичките лидери мора да покажат вистинска посветеност на реформирање на практиките на владеење и почитување на принципите на транспарентност, отчетност и меритократија.

- Зголемување на свеста кај политичките лидери и подигнување на нивото на важност на органите кои се директно инволвирани во заштитата на приватноста преку интернет АЗЛП, АЕК, и сл.

**Препорака 20 - Стимулирање на креативни форми за зајакнување на свесноста на граѓаните:** На пример, преку натпревари или забавно рекреативни емисии и настани за подобрување на знаењето на граѓаните за ризиците по приватноста, најдобрите практики за безбедно однесување на интернет и важноста од редовно прегледување и управување со подесувањата за приватност со што ќе можат побезбедно да се движат низ дигиталниот простор.





# Заклучок

Конвергенцијата помеѓу физичкиот и дигиталниот свет е неповратен процес кој се одвива забрзано и во сите сфери. Ваквиот процес отвора можност за сериозни негативни влијанија по приватноста на граѓаните. За таа цел, во интерес на владата и локалните власти е да креираат соодветни политики и да се осигурат дека тие ќе се применат со цел да се заштити приватноста од неконтролирано користење и злоупотреба на граѓаните по било кој основ. Иако има евидентен напредок во сферата на заштита на приватноста на интернет, воочените предизвици бараат итен одговор од надлежните институции.

Преку примена на посочените препораки, државата ќе го подобри системот на заштита на дигиталната приватност и ќе одговори на сé понагласените ризици по приватноста на граѓаните во дигиталниот простор. Препораките ја подвлекуваат важноста од ефективната заштита на дигиталната приватност на македонските граѓани како значаен сегмент во напорите за воспоставување на добро владеење и поголемо приближување кон европските и меѓународните стандарди за заштита на човековите права, а особено правото на приватност.

Македонското здружение на млади правници е независна, непрофитна професионална организација која обезбедува правна помош и стратешки застапува за заштита на човековите права. МЗМП се стреми за општество во кое владеењето на правото е воспоставено, а луѓето проактивно се борат за почитување на нивните основни слободи и права.

20 ГОДИНИ МЗМП

**Македонско здружение на млади правници (МЗМП)**

ул. Донбас бр. 14/1-6 1000 Скопје

www.myla.org.mk | contact@myla.org. mk

FB: facebook.com/younglawyersmacedonia

IG: instagram.com/myla_mzmp

тел. 02/ 3220 870